


# ОД НАС ЗА НАС

**Списание направено од сексуални работници за сексуални работници**

**Ноември**

2009

# Голема средба на земјите членки на СВАН, Меѓународна мрежа на организации кои работат со Сексуални Работници

**Македонските Сексуални работници годинава беа домаќини на третата по ред, голема Сван конференција кој се одржа во периодот од 15-24 Септември во нашиот Охрид.**
**Сван е мрежа на организации кои работат со Сексуални работници во Централна и Источна Европа и Централна Азија. Во неа членуваат околу 17 земји членки, меѓу кои и Македонија. Македонија како земја ја претставуваат нашите две организации Хопс и Стар од Скопје, Избор од Струмица, и невладината Хелп од Гостивар.**






На оваа конференција присуствуваа нешто повеќе од 40 учесника, меѓу кои и Сексуални работници од Македонија, Унгарија, Литванија, Русија, Киргистан и Казахстан.

Во изминатите десетина дена Сексуалните Работници во Охрид, заедно креираа и создаваа во доменот на сексуалната работа, разговараа и делеа искуства како е да се биде сексуален работник во својата земја. Исто така учествауваа во креирањето на стратешкото планирање на Сван за 2010 година, односно ги изнесувавме нашите потреби и очекувања кои би ни ги пружила како помош оваа мрежа.

На оваа конференција беа направени и неколку трениинзи кои имаа за цел да ги зајакнат вештините на Сексуалните работници во одредени цели,

Еден од овие трениинзи им обезбеди на учесниците мотивација и да бидат добри креатори во изработка на весник за Сексуални Работници, како што во моментот тоа го прави Стар – издавањето на овој весник.




Изработка на зиден весник за Сексуални работници Направен од Сексуални работници од Кирѓистан




Изработка на зиден весник за Сексуални работници. Направен од Сексуални работници од Македонија

После овој тренинг по враќањето во своите земји, дел од учесниците на оваа конференција се јавија со свој веќе изготвен проект, и на сличен начин како и ние ги известуваат Сексуалните работници во своите земји за се што се случува во доменот на Сексуалната работа.

Им стискаме палци и им посакуваме многу многу нови изданија и интересни содржини :) :) :)

# АКЦИЈА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ПО ПОВОД 17-ти ДЕКЕМВРИ




**Ова година, трет пат по ред членовите на здружението СТАР ке го одбележат 17-ти Декември и по трет пат преку своите активности ке и кажат на Македонската јавност “СТОП ЗА НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ”.**

**По тој повод ги поканувме сите Сексуални работници без разлика дали работат на отворена или затворена сцена, да ни се придружат во остварувањето на овие активности.**

**-печатење календар изработен од сексуални работници**

**-лепење постери низ централното градско подрачје**

**-делење на манифестот и декларацијата на сексуалните работници**

**-марш на отворена сцена со црвените чадори**

# ИСПОВЕД НА СЕКСУАЛНА РАБОТНИЧКА



14. 11. 2008. Седиме кај мене дома. Јас и таа. Другарки, колешки, Сексуални работнички, таа е мајка, јас не...

Нејзиното име е Ѕвезда, ама ја викаат малата од Дижонска, не дека е мала кажав дека е мајка, ама е ниска па затоа ја викаат малата. И онака немаме што да правиме, тепаме кај мене време чекајки некој со надрвен стап чија жена добила мензис, да се јави на телефон па да дојде да го измолзиме...

Ние две од секогаш сме биле многу блиски, но никогаш не сме позборувале поинтимно. Знаете не можете да очекувате Ѕвезда малата од Дижонска туку така да ви раскаже се за себе...

Начекав погоден момент кога и двете бевме во даун и почнав..

**Се сметаш себе си за курва/проститутка или Сексуална работничка?**

Неможам да бидам курва затоа што јас наплаќам за своите услуги, курва може да биде некоја која тоа го прави со некоја цел не вклучувајќи никаква финансиска корист, можеби да раздвои некој тип од жена и деца, да му го уништи бракот, да му ја лапне колата, или да шефува кај него у фирма.

Ја сум Ѕвезда тако звана Сексуална радница, јооооој Тино шо си чудна, ма све ти је ово шоу бизнис будало

**Можеш ли да ми го опишеш твоето прво искуство, кога за прв пат реши тоа да го направиш за пари?**

Па тоа и не беше баш некое искуство, мада ми беше добра школа како да правам пари у животов.

Имаше дискотека една у Скопјево, се викаше Мусандра...ма мала си ти ништо не знаеш. Бев излезена со другарки, бевме нешто стаени у филм као најголеми шемаџики у градов. Шмекнав еден добар Арап во Мусандра. Добар беше малиот, мада и не беше така мал, сериозен човек, си тера свој бизнис по Скопјево. Ме одвлечка во вецето и ми го даде во уста. Го цицав со сласт. Беше многу кратко, моравме да побрзаме редица чекаше пред вецињата. На излегување Арапот извади 100 марки и ми рече: Да се почастиш мала!!!

На почеток да ти кажам ми беше многу незгодно, како да му ги земам парите ама одма го сконтав филмот. Јас вака мала 17 години, а тој 30 и охохооооо, може да ме има пак ако ме залаже со пари, за да се најдам со него и следен пат и да биде нешто повеќе. Оти сега освен цицање немаше ништо конкретно. И после тоа знаеш како идат работите, децата се лажат по парите....

**Колку е незгодно да останеш сам со лице кое прв пат го гледаш, а притоа му нудиш секс за пари?**

Зависи од ситуација Тинице.

Отрпната сум на све. Што све ми се нема исподесено. Ама знаеш. Искуството го прави човекот поголем.

Е сеа, не дај боже на цајкан да му понудиш секс за пари...си наебала...

**Си имала ли такви непријатни ситуации кога си била малтретирана, навредувана, омаловажувана или недај боже........?!**

И едното и другото...

Порано ми се чини работите беа поинаку, денес насилството врз Сексуалните работници зазема се поголем замав.

Во денешно време ми стана секојдневие секој ден да очекуваш да ти се случи нешто лошо... што е реалност.

**Како се справуваш со такви ситуации, користиш ли некои финти или трикови?**

Е, тука е се оставено во рацете на твојата интелигенција ако ја поседуваш...

# ЈАС ИМАМ ПОРАКА....

## Сакам да кажам ама....се плашам

Оваа година по повод Меѓународниот ден за Стоп на насилството врз Сексуалните работници 17-ти Декември, членовите на здружението на Сексуални работници СТАР, преку календар ке ги испрати своите пораки до јавноста...









# ЗРНЦА НА МУДРОСТА

-Тој што љуби очекувајќи нешто за возврат го губи времето.

**Пауло Коељо**

-Куче што не лае, не е добро зготвено.

**Стара кинеска поговорка**

-Не може да очекувате џекпот, ако не сте ставиле жетон во апаратот.

**Филип Вилсон**

-Сите денешни генерации млади луѓе, не се ништо полоши од мојата. И ние бевме еднакво неуки и се ни беше одбојно, само што никој не не слушаше.

**Ал Кал**

-Некои прават толку детални и совршени планови за дождливите денови, што не знаат да уживаат во денешното сонце.

**Вилијам Федер**

-Среќата ги мрази плашливите. А исто така и науката.

**Јуџин О'Нил**

-Се додека не го загубите сосптвениот углед, немате поим колкав товар било тоа за вас.

**Маргарет Мичел**

-Ништо не фрустрира толку многу, како расправањето со некој што точно знае за што зборува.

**Сем Евиг**

# Света проституција




Она што од неодамна го дознав, а од секогаш сум сакала да го дознаам е митот за "светата проституција".

Зошто "света" проституција?!

Многу оддамна, пред многу векови, односно во новиот век, девојките во Кина морале да се оддадат на проституција пред да се омажат. Меѓутоа таа проституција воопшто не била слична на денешнава.

Имено, девојките кога се чувствувале спремни за мажење, морале да застанат пред црква и да стојат таму се додека не дојде некој непознат маж и не им фрли пари. За возврат девојката требала да има секс со него. Ова бил добар начин за убавите девојки веднаш да се омажат, меѓутоа за оние кои не биле убави ова било вистински кошмар. Девојките кои не биле убави морале и со денови да стојат пред црква се додека некој не им фрли пари, додека тоа не било случај со убавите девојки, тие стоеле пред црква само по неколку часови.

Токму поради овој обред, таквиот вид на проституција е наречен света проституција.

# СЕКСИ СОВЕТНИК

Ако вашиот партнер инсистира на секс, и секој миг го користи да ве наговори да легнете со него, не залажувајте се.

Таквото однесување е својствено за личности кои откако ке ве заведат на секс, набрзо ке ве остават.

Истото се случува ако тој постојано ви предлага да се гледате на места каде што сте сами, најчесто кај него дома.

Затоа вие предложете му места каде што има многу луѓе и дружење заедно со пријателите, заминете во ресторан или кафуле, а ако на вашиот партнер му е досадно или бара изговор да не се појави, тогаш се работи за личност која е заинтересирана само да спие со вас.

Дали вие ќе одлучите да му ја исполните желбата или не, останува на вас.

Понекогаш не е лошо врската да се почне со секс, бидејќи тоа е добар показател да се види дали треба да се трудите околу неа или не. Се случува по длабоки емоционални врзувања, сексот да не е она што било очекувано, па буквално се да падне во вода.



**Одберете ја омилената поза**

Сексот е важен дел од заедничкиот живот и затоа е важно навреме да се види колку се согласувате на тоа поле. Но, не избрзувајте!!!

# Вежбај!

Стомачни со скрстени раце

Легнете на грб на подлога, свиткајте ги колената, а стапалата спуштете ги на подот. Со левата рака фатете го десното рамо, а со десната рака левото рамо, на тој нашин што рацете ќе се прекрстуваат.

Почнете да го кревате горниот дел од телото, со помош на стомачните мускули. Прекрстените раце цело време држете ги на градите за да го зголемите отпорот.



# КОИ СЕ ТВОИТЕ СЕКСУАЛНИ ПРАВА?

**Што е тоа сексуалност?**

Сексуалноста претставува едно од главните обележја на човекот во текот на целиот негов живот. Сексуалноста е развоен концепт кој ги опфаќа сексуалната активност, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, еротизмот, задоволството, интимноста и репродукцијата.

Таа е конституирана преку заедмно дејство на биолошки, психолошки, социјални, економски, политички, културни, етички, правни, историски, и други фактори.

Сексуалноста се доживува и изразува преку мисли, фантазии, желби, верувања, ставови, вредности, однесување, врска...

**Што се тоа сексуални и репродуктивни права?**

Највисокото ниво на сексуално и репродуктивно здравје може да се постигне само во средина во која се препознаваат и се почитуваат сексуалните права.

Ова значи дека на сите треба да им биде обезбедено правото на избор и правото да донесуваат слободни одлуки во врска со својата сексуалност и својата репродукција.

Сексуалните права не претставуваат некоја посебна дефиниција или проширување на дефиницијата на човековите права, напротив тие се човекови права засновани на Универзалната декларација во 1948 година.

**Сексуални права за сите, ги знаеш ли твоите сексуални права?**

**-Право на еднаквост, еднаква заштита со закон и ослободеност од сите форми на дискриминација врз основа на пол, сексуалност или род**

**-Право на учество на сите лица, без разлика на полот, сексуалноста или родот**

**-Право на живот, слобода, лична безбедност, и телесен интегритет**

**-Право на приватност**

**-Право на лична анатомија и на признавање пред законот**

**-Право на слободно размислување, на погледи и на изразување, право на здружување**

**-Право на здравје**

**-Право на образование и информации**

**-Право на избор за стапување во брак и на засновање и планирање семејство**

**-Право на отчетност и надомест**



# ЕГИПЕТСКИ ХОРОСКОП



Египетскиот хороскоп е еден од најстарите, а со него се служеле и фараоните за да можат полесно да управуваат со големиот имот и за да ја олеснат и положбата на својот народ. И тогаш како и сега, египетскиот хороскоп меѓу останатото се користи за ублажување и на љубовните јадови и маки.

Египетскиот хороскоп е поделен на дванаесет знакови, а со секој знак поодделно господари еден бог. Врз основа на датумот на раѓање можете лесно да откриете кое божество или бог ве штити, и што тој ви советува за подобар љубовен живот.

**1 Јануари – 2 Февруари**

**АМОН (Бог на пророците)**

Во љубовниот живот ве штити Амон – богот на пророците, кои заедно со своите штитетници ви го дава талентот вистински да знаете да се заљубите на прв поглед и тоа во вистинската личност. Кога тоа ќе се случи, а обично во прашање е некое јавно место, личноста од својот живот ќе ја освоите така што, едноставно ќе седнете покрај неа и ќе зрачите со среќа.Упорни сте, но во исто време и ненаметливи, а својата волја и своите желби ги спроведувате тивко и чекор по чекор. На прв поглед изгледате студено, но во суштина имате длабоки чувства до кој треба да знае да се продре.

Ваша боја е златната, а оружјето со кое заведувате е умот.

**3 Февруари - 4 март**

**СЕБЕК (Бог на светата река Нил)**

Исклучително ја цените убавината и уметноста. Понекогаш надворешната убавина и сјај можат тотално да ве заслепат. Сепак, спаѓате меѓу најнапредните личности кога станува збор за емоции и сексуалност. Оригинални сте и неповторливи. Во емотивните врски имате потреба од интелектуална размена и од пријателство. Покрај тоа, љубопитни сте и не сакате да се врзувате само за една личност. Склони сте кон експериментирање, пред се’ на сексуален план. СЕБЕК – е бог крокодил, кој ја чува светата река Нил и богатството на древен Египет. За вас ја сочувал уметноста со која со саканата личност можете да остварите хармонија и складност. Тогаш кога ќе наидете на вистинската личност, сакате да се врзете за цел живот и тогаш нема поприврзана личност од вас.

Вашата боја е сина, а оружјето со кое заведувате – вашата оригналност!!

**5 Март – 9 Април**

**ОЗИРИС (Бог на плодноста и на раскошната вегетација)**

Многу сте романтични и сензуални. Исклучително сте склони кон идеализација на љубовниот партнер и на љубовниот живот воопшто, па може да се случи да останете и разочарани. Во тој случај, сигурно не ви гине река од солзи поради преголемите емоции, и прво што морате да научите е да ја раздвојувате реалноста од убавите желби и од мечтите. Вашата љубов е чиста и доверлива, бидејќи сте чувствителни, верни и страствени, и идеален партнер сте за личноста која вистински и искрено ја сакате. Вас ве штити Озирис – богот на плодноста – тој советува за да имате среќа во љубовта да облекувате облека со боја на индиго.

Во заведувањето користите го своето најсилно оружје – сензуалните очи.

**10 Април – 2 Мај**

**ПТАХ (Бог на вистината)**

Во љубовта сте импулсивни и мошне пребирливи. Искрени сте, отворени,

лојални, па дури и наивни. Со оглед дека вашиот бог е бог на вистината, не влегувате во односи кои не се сосем искрени. Обично немате многу трпение, и токму поради своите големи потреби и импулсивни реакции лесно раскинувате врски. Понекогаш знаете да бидете пргави и незгодно и проклето искрени, бидејќи мислите дека секогаш најдобро е да се истури вистината без оглед на последиците. Вашата страст е директна и сакате се', веднаш и сега. .

Вашете најсилно орузје е насмевката, а ваша боја е црвената.

**3 Мај – 16 Јуни**

**Хорус (Бог на животот)**

Во љубовта понекогаш сте слични со пеперутките. Нестабилни сте и не сакате цврсти врски, а ве привлекуваат авантури и нови познанства. Склони сте да ја жртвувате и својата сигурност во име на нешто ново, дури и кога со тоа правите некоја глупост. Со задоволство се впуштате во авантури на вашите патувања или во авантура со непознати личности. Ќе направите се' за да го задоволите вашето љубпитство. Поседувате страствена природа и очи кои секогаш се живи, подвижни и обично светли. Животот и љубовта за вас се постојана потрага и наоѓање на партнер, и во еден момент секој од нив е оној вистинскиот.

Во љубовното заведување ги користите своите способности, а најмногу својот богат дух.

**17 Јуни – 21 Јули**

**НЕФТИС (Божица на љубовта)**

Преубавата божица Нефтис, владее со можеби најромантчниот знак во египетскиот хороскоп. Нејзините припадници неверојатно се верни на своите љубовници, постанувајќи со оние кои ги сакаат едно тело и една душа. Сензуални сте, страствени и многу емотивни. Во потрагата по вистинската личност понекогаш се случува да го изгубите компасот и да почнете да лутате од една до друга личност. Вам, љубовта и нежноста ви се попотребни отколку на било кој друг знак, но за возврат исто така давате многу. Понекогаш, претерано сте склно кон сонување, но ако ви се пружи шанса, знаете тие ваш соништа да ги пренесете на јаве.

При заведувањето се потпирате на својот сопствен изглед, и него посебно го истакнувате преку белата облека и преку пастелните бои кои се ваш заштитен знак.

**22 Јули – 18 Август**

**СЕТ (Бог на молњите и бурите)**

Имате доста жив темперамент, а вашите чувства се возвишени и достоинствени.

Сет е бог на молњата и бурата, што на вашите чувства им дава нишка на жестока страственост.Не се предавате толку лесно и од партнерот очекувате максимално ангажирање. Постојано сонувате за страст и за романтични доживувања. Вашите критериуми понекогаш се толку големи и високи, поради што често пати само седите и мечтаете, отколку што се препуштате на некој кој само половично ќе ве задоволи.. Кога навистина сакате некого, тогаш комплетно се посветувате на својот партнер и ангажирано работите на јакнење на врската. Несигурните личности можете лесно да ги уплашите со својот сигурен и пред се активен став кон светот и кон љубовните врски.

Освојувате со својата достонствена појава и со арстократското држење.

Ваши бои се бои на сончевата светлина : пороткалова и златна

**19 Август – 21 Септември**

**АНУБИС (Бог заштитник)**

Многу сте одговорни, интелигентни и чесни. Емотивни сте и романтични, но понекогаш ви недостасува иницијатива. Љубезни сте и дискретни и не Ви е лесно понекогаш да се наметнете во средината, без оглед на вашите неспорни вредности. Премногу очекувате и тежнеете кон совршенството, но во еден момент морате да се спуштите на земја и да се одлучите за една личност која сепак ќе има и понекоја маана. Барајте личност која ќе може и ќе знае да ги открие вашите

квалитети. Сакате постепено љубовно заведување и во врската очекувате, пред се, сигурност. Вистинска личност за вас е онаа која има некоја тајна во себе и која ќе ви дозволи постојано и одново да ја откривате и секојдневно во неа повторно да се заљубувате.

Вашите врски секогаш со текот на времето, стануваат се' посилни.

Вашето најсилно оружје – интелигенција и дух

**22 Септември – 15 Октомври**

**РА (Бог на сонцето)**

Вашите емоции се мошне деликатни, одмерени, полни со внимание и со љубезност. Ретко ви се случува да влетате во некоја врска без претходна анализа, а авантурите сами по себе се исклучени во вашиот живот.. Многу сте чувствителни на комплименти, на драга волја ги примате и долго ги помните. Романтична атмосфера на почетокот од вашата врска е неопходна, со оглед дека не можете да замислите освојување во некоја друга несоодветна атмосфера. Никогаш не ја губите присебноста и секогаш сте опкружени со луѓе од спротивниот пол, па можете да си дозволите да бидете и пребирливи. И баш тука за Вас лежи главната опасност.

Вашата боја е зелена.

**16 Октомври – 9 Ноември**

**ИЗИДА (Божица на чудата)**

Божицата Изида е божица на чудата, а личностите кои се родени под нејзина заштита се Вашата насмевка е во состојба да го маѓепса секого, а посебно оној кој сте одлучиле да го освоите. Во љубовта давате се од себе и воопшто не се стеснувате да ја превземете иницијативата во свои раце. Сакате да го усреќите вашиот партнер и понекогаш се случува да ја изгубите мерката во тие ваши обиди. Страствени сте и пред се отворени, а такво однесување и такви квалитети барате и од вашиот партнер. За вас не постои забрането овошје и на вашите чувства тешко може да им се оддолее..

Ваша боја е темноцрвена.

**10 Ноември – 3 Декември**

**ТОТ (Бог на светлината, мудроста и на магијата)**

Понекогаш имате тешкотии во искажувањето на своите чувства, а посебно на љубовните. Од една страна имате потреба од некој кој ќе биде секогаш тука кога ќе се чувствувате тажни или нерасположени, а од друга страна имате постојана потреба од бегство – сакате авантури и нови познанства. Најмногу би ви одговарала личност која е секогаш на едно место и личност кај која ќе можете да појдете секогаш кога ќе почувствувате потреба за спокој и љубов.За вас љубовта е синоним на животот и поради тоа секоја ваша врска е величествена. Често превземете иницијатива и лесно се препуштате на ненадејни, возбудливи доживувања, а на отвореното покажување на чувства возвраќате со иста мерка. .

Вашата боја е виолетова, а ваше најсилно оружје – духовитоста.

**4 Декември – 31 Декември**

**ХАТОР (божица на музиката и на уметноста)**

Вие сте заљубени во љубовта. Кога ќе се заљубите во некого, тешко ја прекинувате врската. Потребен ви е партнер кој ќе ве разбере, но кој ќе знае и да ги поттикне сите оние чувства кои се брануваат во вашите длабочини. Хатор е божица на уметноста и на музиката, па затоа и вашите чувства се рафинирани и полни со нежност. Сакате љубов, но во истовреме и се плашите од неа, поради што честопати изгледате како ладна и неосвоива личност во очите на другите околу себе.

Вашата боја е темнозелена, а оружјето со кое заведувате не е воочливо на прв поглед. И токму во тоа е вашата тајна. Треба постепено да ве откриваат.

**во издание на:**

STAR

**подржано од:**

HOPS

Public Health Program
Sexual Health and Rights Project (SHARP)

UNFPA

SWAN